20262634700

АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3, во врска со член 61 став (5), член 62 став (4) и член 82 ставови (6) и (8) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/2025 и 269/2025), директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ПРИСТАП, КОЛОКАЦИЈА И ЗАЕДНИЧКО КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИДРУЖНИ ОБЈЕКТИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Предмет и цел

(1) Со овој правилник поблиску се пропишуваат начинот и условите за пристап, колокација и заедничко користење на електронска комуникациска инфраструктура и придружни објекти, постапувањето по барањата, начинот на распределување на трошоците, основните елементи на договорите и мерките за координација на градежните работи, заради спроведување на член 82 од Законот.

(2) Со овој правилник се уредуваат и правила за транспарентност на постојната физичка инфраструктура, пристап до информации, теренски истражувања, координација на градежни работи, пристап до внатрешна физичка инфраструктура и пристапни точки во зградите, во рамките на надлежностите на Агенцијата и согласно со Законот.

(3) Целта е брзо, ефикасно, транспарентно, недискриминаторно и пропорционално користење на постојната физичка инфраструктура и поефикасно распоредување на нова инфраструктура, со особено поттикнување на распоредувањето на мрежи со многу висок капацитет (VHCN).

(4) Одредбите што се однесуваат на градење, дозволи, сопственост и други области не ги ограничуваат надлежностите на органите надлежни согласно со посебните прописи.

Член 2

Опфат и однос со други обврски

(1) Овој правилник се применува на инфраструктурата опфатена со член 82 од Законот, независно од тоа дали сопственикот или операторот има значителна пазарна моќ, освен ако со Законот или друг подзаконски акт изречно е определено поинаку.

(2) Овој правилник не ги заменува обврските за пристап и интерконекција од член 80, регулаторните обврски на операторите со значителна пазарна моќ и одлуките на Агенцијата, туку се применува без да ги доведува во прашање.

(3) Кога за исто прашање се применуваат повеќе прописи, се применува одредбата од повисок ранг, а во случај на еднаква правна сила – посебната одредба за конкретното прашање.

Член 3

Начела

(1) Пристапот, колокацијата, заедничкото користење и координацијата се обезбедуваат врз основа на начелата на објективност, транспарентност, недискриминација и пропорционалност.

(2) Условите, роковите, техничките барања и надоместоците за споредливи случаи се применуваат на недискриминаторен начин.

(3) Условите не смеат неоправдано да го попречуваат распоредувањето на VHCN или електронски комуникациски мрежи за обезбедување пренос со големи брзини.

(4) Се почитуваат правото на сопственост, правата на трети лица, доверливоста, деловните тајни, безбедноста и интегритетот на мрежите и националната критична инфраструктура.

II. ПРИСТАП, КОЛОКАЦИЈА И ЗАЕДНИЧКО КОРИСТЕЊЕ

Член 4

Наметнување и овозможување на пристап

(1) Во случаите од член 82 став (1) од Законот, Агенцијата му наметнува на операторот обврска за колокација и заедничко користење на мрежните елементи и придружните објекти кога се исполнети условите утврдени со Законот.

(2) Операторот сопственик е должен, со надомест и врз основа на договор, да овозможи пристап, колокација и заедничко користење кога се исполнети условите од Законот и овој правилник.

(3) Пристапот може да опфати земјиште, згради и влезови, внатрешни жичени инсталации, антени, столбови, кули, други конструкции, кабелска канализација, цевки, канали, шахти, ормани и мерки што ја олеснуваат координацијата на градежните работи.

(4) Овозможувањето пристап не создава стварно право во корист на операторот барател, освен ако такво право е основано согласно со посебен закон или договор.

Член 5

Разумно барање и фер и разумни услови

(1) Сопственикот постапува по разумно писмено барање под фер, разумни и недискриминаторни услови, вклучително и во однос на надоместокот, кога пристапот е технички возможен и не постои законска основа за одбивање.

(2) Барањето треба да биде доволно определено за да се оцени техничката изводливост, расположливиот капацитет, влијанието врз мрежата и трошоците.

(3) Кога е потребно, сопственикот може да побара дополнување, но само со конкретно наведување на релевантните податоци и документи.

(4) Барањето не смее да биде одбиено поради формални недостатоци што може разумно да се отстранат.

Член 6

Содржина на барањето

(1) Барањето содржи најмалку: податоци за операторот барател и лице за контакт; географска област и георeферирани точки или траса; вид и конкретни елементи на бараната инфраструктура; намена; потребен капацитет или простор; планиран почеток и времетраење; и, кога е потребно, технички опис или проектна документација.

(2) Барањето се поднесува електронски кога е достапна соодветна електронска алатка, а во спротивно писмено.

(3) Минималната содржина е дадена во Прилог 1.

Член 7

Редослед и слободен простор

(1) Барањата се разгледуваат по редоследот по кој се примени, земајќи ја предвид достапноста на слободниот простор и техничката изводливост.

(2) Слободниот простор се определува според тековното користење, физичкиот и техничкиот капацитет, просторот неопходен за одржување и безбедност и оправданите и документирани идни потреби.

(3) Идните потреби се земаат предвид само ако се документирани со планираната мрежа или проширување, периодот и очекуваниот капацитет.

(4) Сопственикот не смее со неоправдано резервирање на капацитет да го оневозможи или неоправдано да го ограничи пристапот.

Член 8

Основи за одбивање

(1) Барањето може да биде одбиено само врз основа на објективни, транспарентни, недискриминаторни и пропорционални причини.

(2) Причини особено се: техничка несоодветност; недостиг на простор, вклучително и оправдано документирани идни потреби; ризик за безбедноста или јавното здравје; загрозување на интегритетот или безбедноста на мрежата; реален и оправдан ризик за националната критична инфраструктура; ризик од сериозно попречување на други услуги; или соодветна и одржлива алтернативна физичка инфраструктура достапна под фер и разумни услови.

(3) Одбивањето се доставува писмено во рокот утврден со Законот и содржи конкретни факти, технички податоци и правна основа.

(4) Кога е можно, сопственикот наведува алтернативна траса, друг инфраструктурен елемент или друго техничко решение.

(5) Општо повикување на идни потреби, без конкретна документација, не е доволна причина за одбивање.

Член 9

Алтернативно решение

(1) Кога бараниот пристап не е технички возможен, сопственикот, кога тоа е оправдано, предлага најблиска соодветна алтернативна траса или друг инфраструктурен елемент.

(2) Како алтернатива може да се понуди пристап до неискористени оптички влакна, кога се достапни и технички соодветни.

(3) Алтернативата не се смета за исполнување ако не обезбедува споредлив функционален исход и неоправдано го зголемува трошокот.

Член 10

Кабелска канализација и придружни објекти

(1) Пристапот до кабелска канализација, цевки, подцевки, канали, шахти, галерии и други придружни објекти се обезбедува на начин што овозможува безбедно, ефикасно и недискриминаторно користење.

(2) Сопственикот обезбедува доволен простор за одржување, поправки и безбедно изведување и не смее неоправдано да го зафаќа капацитетот.

(3) Кога постојат елементи што не се користат и не се потребни за оправдани и документирани идни потреби, нивното отстранување или преместување може да се утврди со техничкото решение и договорот, со јасно определување на трошокот.

Член 11

Идентификација, одржување и безбедност

(1) Физичката инфраструктура треба да биде идентификувана за да се утврдат сопственикот, намената, техничките карактеристики и расположливиот капацитет.

(2) Сопственикот ја одржува инфраструктурата во состојба што овозможува безбедно користење.

(3) Операторот барател ги изведува работите без да ја нарушува безбедноста, интегритетот и непрекинатото функционирање.

(4) Правата на пристап на персоналот, безбедносните процедури и одговорноста за штета се уредуваат со договор и техничко решение.

III. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ЕДИНСТВЕНА ТОЧКА ЗА ИНФОРМАЦИИ

Член 12

Минимални информации за постојната инфраструктура

(1) Операторот барател има право, на барање и во електронска форма преку единствената точка за информации или друг определен систем, да добие најмалку: георeферирана локација и траса; вид и тековна употреба; расположлив капацитет или слободен простор, кога е применливо; и контакт точка.

(2) Кога е технички и правно дозволено, информациите се обезбедуваат во структуриран и машински читлив формат.

(3) Пристапот е под транспарентни, пропорционални и недискриминаторни услови, со ограничувања неопходни за национална безбедност, мрежна безбедност и интегритет, доверливост и деловни тајни.

(4) Минималните информации од став (1) се дадени во Прилог 2.

Член 13

Рокови за информации

(1) Минималните информации се обезбедуваат најдоцна во рок од 10 работни дена од приемот на уредното барање.

(2) Рокот може еднаш да се продолжи за најмногу пет работни дена во оправдани случаи, со известување пред истекот на основниот рок.

(3) Кога информациите не се достапни електронски, сопственикот презема разумни мерки за нивно обезбедување и го известува барателот за причината и очекуваниот рок.

Член 14

Теренски истражувања

(1) Операторот барател може да побара теренски истражувања кога е разумно потребен за оценување на пристапот.

(2) Истражувањето се овозможува најдоцна во рок од еден месец од приемот на уредното барање, освен ако страните се договорат пократко или постојат оправдани безбедносни или оперативни причини.

(3) Сопственикот може да определи разумни правила за безбедност, придружба и доверливост, но тие не смеат неоправдано да го оневозможат теренското истражување.

(4) Трошоците се распределуваат согласно со договорот и начелото на пропорционалност.

Член 15

Планирани градежни работи

(1) Мрежниот оператор, а кога е применливо и институцијата од јавниот сектор која поседува или контролира физичка инфраструктура, обезбедува информации за планирани градежни работи релевантни за VHCN, во рамките на своите законски надлежности.

(2) Информациите содржат најмалку: георeферирана локација и траса; вид и елементи на инфраструктурата; предвиден почеток и траење; предвиден датум за поднесување барање за дозвола или конечен проект, кога е применливо; и контакт точка.

(3) За работи планирани во следните шест месеци, информациите се стават на располагање навремено за да овозможат барање за координација.

(4) Овој член не ја пренесува надлежноста за издавање дозволи на Агенцијата.

IV. КООРДИНАЦИЈА НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ

Член 16

Право и постапка за координација

(1) Мрежните оператори имаат право да преговараат за координација на градежни работи, вклучително и распределба на трошоците, за заедничко распоредување на VHCN и придружни објекти.

(2) Кога работите се целосно или делумно финансирани со јавни средства, разумното писмено барање се разгледува под транспарентни и недискриминаторни услови, во рамките на законските надлежности.

(3) Кога е потребна дозвола, формалното барање за координација, по правило, се доставува најдоцна еден месец пред поднесувањето на конечниот проект или барањето за дозвола, освен ако околностите објективно не дозволуваат.

(4) Барањето го наведува видот и локацијата на мрежата, потребниот простор, временската рамка и предложениот начин на координација.

Член 17

Распределба на трошоците за координација

(1) Трошоците се распределуваат правично и пропорционално според придонесот, создадениот капацитет и користа на секоја страна.

(2) Субјектот кој првично ги планирал работите не треба да сноси неоправдан неповратен дополнителен трошок што произлегува исклучиво од барањето на друг оператор, освен ако страните поинаку не се договорат.

(3) Дополнителните трошоци за капацитет или решение што се користи исклучиво од операторот барател ги сноси тој оператор, освен ако е договорено поинаку.

(4) Кога се создава дополнителен капацитет за повеќе оператори, трошоците се распределуваат соодветно на капацитетот и користа.

Член 18

Одбивање на координација

(1) Одбивањето на разумно барање мора да биде образложено со објективни, транспарентни, недискриминаторни и пропорционални причини.

(2) Се образложуваат причините поврзани со техничката изводливост, роковите, безбедноста, интегритетот или законските ограничувања.

(3) Општо повикување на недостиг на капацитет не е доволно образложение.

V. ВНАТРЕШНА ФИЗИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА И ОПТИЧКИ ВЛАКНА

Член 19

Физичка инфраструктура во зградите

(1) Сите новоизградени згради и зградите на кои се врши значителна реконструкција се опремуваат со физичка инфраструктура подготвена за оптички влакна и кабли за оптички влакна, вклучително и поврзување до физичката точка каде што крајниот корисник се поврзува на јавната мрежа, согласно со член 62 од Законот.

(2) Новоизградените повеќестанбени згради и повеќестанбените згради на кои се врши значителна реконструкција се опремуваат и со пристапна точка.

(3) За значителна реконструкција се применуваат условите за техничка изводливост и непропорционално зголемување на трошоците утврдени во член 62 од Законот.

(4) Техничките стандарди и спецификации усвоени согласно со член 62 од Законот се задолжителен технички референтен документ кога се релевантни.

Член 20

Пристапна точка и внатрешна инфраструктура

(1) Пристапната точка се поставува и одржува така што овозможува пристап до пристапниот дел на мрежата и приклучување на повеќе оператори без неоправдано ограничување.

(2) Кога дуплирањето на постојната внатрешна физичка инфраструктура е технички невозможно или економски неефикасно, носителот на правото на користење е должен да ги исполни разумните барања за пристап под фер, разумни и недискриминаторни услови, вклучително и во однос на надоместокот.

(3) Пристапот се обезбедува со најмал можен негативен ефект врз зградата, заедничките делови и правата на трети лица.

(4) Кога не постои инфраструктура подготвена за оптички влакна и не е можно или оправдано нејзино користење, операторот може, со согласност кога е потребна согласно со прописите за сопственост, да изведе сопствена инсталација со минимално влијание.

Член 21

Технички барања

(1) Се применуваат техничките спецификации и стандарди утврдени согласно со член 62 од Законот.

(2) Тие особено опфаќаат: пристапна точка и интерфејс; кабли; приклучници; цевки или микроканали; мерки за спречување пречки со електрични кабли; минимален радиус на свиткување; и спецификации за инсталација.

(3) Инсталацијата овозможува вообичаено одржување на поединечните влакна и спречува неоправдано попречување меѓу операторите.

VI. БАРАЊА, ТЕХНИЧКО РЕШЕНИЕ И ДОГОВОРИ

Член 22

Прием и проверка

(1) Сопственикот го потврдува приемот и проверува дали барањето ги содржи податоците потребни за постапување.

(2) Ако не е целосно, сопственикот го известува операторот барател за конкретните недостатоци и му овозможува разумен рок за дополнување.

(3) Рокот за одлучување се смета од приемот на комплетното барање, освен ако Законот определува поинаку.

Член 23

Рок за одговор и молчење

(1) За барање опфатено со член 82 од Законот, операторот сопственик одговара во рок од 30 дена од денот на поднесувањето, согласно со член 82 став (4) од Законот.

(2) Ако нема одговор во рокот, се смета дека одбил да го склучи договорот од член 82 став (2) од Законот.

(3) Одговорот може да содржи прифаќање, предлог-услови и рок за договор, барање за дополнување или образложено одбивање.

(4) Образложеното одбивање ги содржи причините од член 8.

Член 24

Техничко решение

(1) Кога е потребно, техничкото решение содржи: технички опис; состојба на инфраструктурата; георeферирана траса и локации; број и вид на канали, цевки и подцевки; материјали и работи; мерки за безбедност; одржување; и релевантни трошоци.

(2) Страните се договараат која страна го изработува. Ако нема договор, го изработува сопственикот, без да се ограничи правото на барателот да предложи свое решение.

(3) Техничкото решение е составен дел на договорот кога е неопходно за реализација.

Член 25

Основни елементи на договорот

(1) Договорот содржи најмалку: предмет и опфат; локација; права и обврски; технички услови; капацитет; рокови; надоместок и метод на пресметка; распределба на трошоци; одржување; пристап на персонал; безбедност; одговорност и осигурување кога е применливо; промени и проширување; траење и престанок; решавање спорови; доверливост и заштита на податоци.

(2) Договорот не смее да содржи неоправдано дискриминаторни услови.

(3) Кога барателот финансира елемент што останува во сопственост на сопственикот, договорот го уредува распределувањето на трошоците, евентуалното рефундирање и условите за користење од други оператори.

(4) Минималните елементи на договорот од став (1) се пропишани во Прилог 3.

Член 26

Референтна понуда

(1) Кога тоа е оправдано со обемот, повторливоста и природата на барањата, Агенцијата може да побара инфраструктурниот оператор да изработи и објави референтна понуда.

(2) Референтната понуда содржи особено: опис; технички услови; капацитети; процедури; рокови; одржување; цени и метод на пресметка; распределба и рефундирање на релевантни трошоци; модел на договор; доверливост; и решавање спорови.

(3) Референтната понуда се применува транспарентно и недискриминаторно.

VII. НАДОМЕСТОЦИ И РАСПРЕДЕЛБА НА ТРОШОЦИ

Член 27

Надоместоци

(1) Пристапот, колокацијата и заедничкото користење се вршат со надомест согласно со член 82 став (2) од Законот, освен ако со закон или одлука на Агенцијата е определено поинаку.

(2) Надоместоците се фер и разумни и ги одразуваат релевантните трошоци, користењето на капацитетот, ризиците и ефикасното користење.

(3) Не се вклучуваат неповрзани трошоци, освен ако нивното вклучување е дозволено со Законот или со одлука на Агенцијата.

(4) Заедничките трошоци се распределуваат пропорционално и недискриминаторно.

Член 28

Адаптација и проширување

(1) Трошоците за адаптација, проширување или изградба неопходни исклучиво за барателот ги сноси барателот, освен ако е договорено поинаку.

(2) Кога интервенцијата создава дополнителен капацитет за други оператори, трошоците се распределуваат пропорционално на капацитетот и користа.

(3) Кога барателот финансира елемент што останува во сопственост на сопственикот, условите за евентуално рефундирање се утврдуваат транспарентно и недискриминаторно.

VIII. ЕВИДЕНЦИИ, СПОРОВИ И НАДЗОР

Член 29

Евиденција и ажурирање

(1) Инфраструктурниот оператор води евиденција за барањата, одговорите, одбивањата, договорите, пристапите, капацитетот, теренските истражувања и координациите.

(2) Податоците се ажурираат редовно и без неоправдано одложување по промена што влијае врз можноста за пристап.

(3) Евиденциите се чуваат најмалку пет години, освен ако со закон е утврден подолг рок.

(4) На барање на Агенцијата се доставуваат податоците потребни за надзор.

Член 30

Решавање спорови

(1) Во случај на спор за пристап, колокација, заедничко користење, договор, одбивање, информации, координација или трошоци, страната може да побара решавање на спор согласно со член 52 и член 82 став (5) од Законот.

(2) Агенцијата ги применува начелата на пропорционалност, транспарентност и недискриминација и ги зема предвид техничките, економските и безбедносните услови и потребата од брзо распоредување на VHCN.

(3) За споровите од член 82 став (5), одлуката се донесува во најкраток можен рок, но не подолго од два месеца од приемот на барањето, освен за експропријација.

(4) Кога национален пропис со кој се спроведуваат одредби усогласени со GIA предвидува пократок рок за конкретен вид спор, се применува пократкиот рок.

(5) Одлуките се објавуваат согласно со Законот, со почитување на доверливоста и деловните тајни.

Член 31

Соработка и надзор

(1) Инфраструктурниот оператор на барање на Агенцијата ги доставува информациите, техничката документација, договорите, референтните понуди и другите податоци потребни за надзор.

(2) Агенцијата може да провери точност на податоците, слободен капацитет и исполнување на условите во рамките на законските надлежности.

(3) Надзорот не ги ограничува обврските од прописите за градење, безбедност, животна средина и други релевантни прописи.

IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 32

Усогласување на постојните договори и понуди

(1) Постојните референтни понуди, договори, процедури и технички правила за пристап, колокација и заедничко користење се усогласуваат со овој правилник во рокот од 18 месеци од денот на влегувањето во сила на Законот, согласно со член 220 од Законот.

(2) Постојните договори продолжуваат да важат до усогласување или истек, освен во делот во кој се спротивни на задолжителна одредба од Законот.

(3) Усогласувањето не смее да доведе до неоправдан прекин на постојниот пристап или услуги.

Член 33

Престанување на важење

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за пристап и користење на специфични мрежни средства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2015).

Член 34

Влегување во сила

(1) Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

(2) По влегувањето во сила, правилникот се објавува и на веб-страницата на Агенцијата.

Бр. 0101-1651/7
2 ноември 2026 година
Скопје

Директор,
Нусрет Халити, с.р.

Прилог 1. МИНИМАЛНА СОДРЖИНА НА БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП, КОЛОКАЦИЈА И ЗАЕДНИЧКО КОРИСТЕЊЕ

1. податоци за операторот барател и лице за контакт
2. географска област и георeферирани точки/траса
3. вид и конкретни елементи на бараната инфраструктура
4. намена на пристапот и планирани мрежни елементи
5. потребен простор/капацитет и технички параметри
6. планиран датум за започнување и времетраење
7. технички опис или проектна документација кога е потребна
8. предлог за координација на градежни работи кога е релевантно

Прилог 2. МИНИМАЛЕН СЕТ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОСТОЈНА ФИЗИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

1. георeферирана локација и траса
2. вид и тековна употреба
3. технички карактеристики
4. капацитет и слободен простор
5. контакт точка
6. услови и ограничувања за пристап
7. податоци за планирани градежни работи кога се применливи
8. безбедносни, доверливи и други законски ограничувања

Прилог 3. МИНИМАЛНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ДОГОВОР

1. предмет и опфат
2. опис и локација
3. технички услови и техничко решение
4. капацитет и услови за проширување
5. надоместоци и метод на пресметка
6. распределба на трошоците
7. рокови и нивоа на услуга кога е применливо
8. пристап на персонал, безбедност и заштита
9. одговорност, штета и осигурување кога е применливо
10. траење, измена и престанок
11. решавање спорови и применливо право
12. доверливост и заштита на податоци
13. услови за евентуално рефундирање